**Известување за концентрација со која Линк Мобилити Груп АС (LinkMobilityGroup AS), Норвешка има намера да стекне единствена контрола директно врз Тера Комуникејшанс АД, Бугарија и врз Теравојс ЕАД, Бугарија (предмет бр. 08-51/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 24.04.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Линк Мобилити Груп АС (LinkMobilityGroup AS), со седиште на Лангкаиа 1, 0150 Осло, Норвешка (Langkaia 1, 0150 Oslo, Norway) има намера да стекне единствена контрола *директно* врз Тера КомуникејшансАД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103, Бугарија и врз Теравојс ЕАД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103,Бугарија *и индиректно врз*: Алтерпеј ЕООД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103,Бугарија, Теракомм РО СРЛ, со седиште во Букурешт на ул. Делеа Рече бр. 28А, ап. 22, Дистрикт 2 Романија и над Трговско друштво Тера Комуникејшнс ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11 Октомври бр. 25, канцеларија 705/кат 7, 1000 Скопје - Центар, Република Северна Македонија.

**Линк Мобилити, Норвешка** има повеќе од 15 години искуство во обезбедување на услуги со кратки известувања и решенија за известувања поврзани со мобилни комуникации за компании, јавни услуги и организации. Во регионот, Линк Мобилити е присутен во Бугарија преку Линк Мобилити ЕАД (поранешно Војском АД (Voicecom AD)) и Линк Мобилити Девелопмент Хаб ЕООД (Link Mobility Development Hub EOOD), друштва активни во областа на услуги за мобилни известувања за корпоративни клиенти (А2П СМС), обезбедување на способност на клиентите да примаат плаќања преку СМС или гласовни услуги (Премиум СМС /Премиум гласовни услуги) и одредени помошни активности.

Претпријатијата над кои се стекнува контрола се даватели на услуги поврзани со мобилни комункации во Бугарија, Северна Македонија и Романија. Нејзините основни деловни активности вклучуваат:

- Услуги за известувања поврзани со мобилни комуникации (А2П СМС, Виберпораки) обезбедени за деловни клиенти;
- Плаќања преку СМС, телефонско гласање и други содржини (Премиум СМС / Премиум гласовни услуги);
- Развој на софтвер и содржини за мобилни апликации, вклучувајќи развој и поддршка за платформи за испорака на мобилни содржини;
- Посветени веб услуги за промотивни и мобилни маркетинг решенија (вклучувајќи управување со развојот на присуство на интернет и регистрирање на промотивни кодови).

**Тера Комуникејшанс АД, Бугарија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС/премиум гласовни услуги.

**Теравојс ЕАД, Бугарија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС/премиум гласовни услуги–главно во обезбедувањето на конекција до мобилни оператори.

**Алтерпеј ЕООД, Бугарија** е активен во развојот и обезбедувањето на решенија за онлајн плаќања.

**Тераколл РО СРЛ, Романија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС/премиум гласовни услуги.

**Тера МК, Северна Македонија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС / премиум гласовни услуги.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.05.2019 година
Скопје